# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

01 јуни 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 9



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 а во врска со член 82 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 9 став (3) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/18), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се распишуваат избори за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Изборите за членовите на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се одржат со тајно гласање на 18.06, 19.06 и 20.06.2018 година во период од 17-20 часот.

Распоредот за денот на одржување на изборите поединечно за секоја од урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се утврди дополнително.

**Член 3**

Предлозите за кандидати за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, ќе се примаат на 11.06.2018 година во периодот од 08-16 часот.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Гази Баба 8 (осум) дена пред денот определен за прием на предлозите за кандидати за членови на советите на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба од член 3 на оваа одлука (на 03.06.2018 година) е должен писмено да го информира Советот на Општина Гази Баба за оваа одлука и истата да ја објави на веб страната на општината.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2554/1**
**од 31.05.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за распишување на избори за членови на советите на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . 4

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.09/18**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk